Australian Government
Department of Health, Disability and Ageing



# Фокус на деменцијата

## Воведуваме промени за да ја подобриме помошта за луѓето со деменција во секоја фаза на негата

Март 2025

# Реформа на негата на стари лица

Австралиската влада воведува позитивни промени во негата на стари лица. Овие промени - познати како реформи на негата на стари лица - ќе ја подобрат негата на стари лица во Австралија сега и во иднина.

Голем број од тие реформи се одговор на препораките на Royal Commission into Aged Care Quality and Safety [Кралската комисија за квалитет и безбедност на негата на стари лица]. Нашата визија е да укажеме најквалитетна нега на постари луѓе насочена кон лицата, каде и кога им е потребна.

Низ тие реформи, луѓето со деменција и нивните негуватели ќе ја добијат потребната поддршка после поставувањето на дијагноза, за да можат подолго да останат дома и да добијат висококвалитетни, стручни и за деменција соодветни услуги на нега на стари лица.

Промените вклучуваат локални патишта за нега на лица со деменција заради поддршка на упати од матичните лекари (GP), обука за деменција за матичните лекари и вработените во старските домови, поддршка во раната фаза и услуги за помош, одмор и подучување на негуватели, планови за објекти погодни за лица со деменција, и смалување на користењето на средства за ограничување на движењето (restraints).

## Деменција во Австралија

Повеќе од 400.000 Австралијани имаат деменција

Деменцијата е најчестата причина за смрт на жените

Општо земено, деменцијата е втората најчеста причина за смрт во Австралија, после срцевите болести

Луѓето хоспитализирани поради деменција остануваат во болница пет пати подолго од просечниот болнички престој

Речиси две третини Австралијани со деменција се жени

Повеќе од половината луѓе во старски домови имаат деменција

# Иницијативи и програми

## National Dementia Support Program

Цел на National Dementia Support Program [Националната програма за поддршка за деменција] е да им помогне на луѓето со деменција или на оние кои доживуваат когнитивно опаѓање, на нивните негуватели и на мрежите за поддршка, да дознаат повеќе за деменцијата и да ги поддржат со тоа што:

- ќе им овозможат да донесуваат информирани одлуки за услугите на поддршка што им се потребни
- ќе ги поврзат со соодветни служби за да можат самите да се справуваат со деменцијата и да живеат добро што е можно подолго.

National Dementia Support Program нуди поддршка преку советување, подучување, вебинари, специјална помош за ранливите заедници и онлајн библиотека.

Поддршка е исто така достапна преку **National Dementia Helpline (Националната телефонска линија за помош за деменција)**, бесплатна и доверлива телефонска и имејл служба за информации и поддршка.

Телефонската линија за помош може да се контактира на **1800 100 500** (24 часа дневно, 365 дена во годината) или со имејл на **helpline@dementia.org.au**

## Dementia Friendly Communities

Цел на програмата Dementia Friendly Communities [Заедници благонаклонети кон луѓето со деменција] е да се намали чувството на срам во поглед на деменцијата и да се зголеми разбирањето, свеста и прифаќањето на деменцијата на ниво на заедницата. Програмата Dementia Friendly Communities ги вклучува следните клучни компоненти:

- Dementia Friends (Пријатели на деменцијата) и Dementia Friends Hosts (Домаќини на пријателите на деменција) се овластени и оспособени да одржуваат сесии за зголемување на свеста во нивните заедници
- Dementia Alliances (Сојузи на деменција), самостојни групи на локални жители кои подготвуваат акциони планови за да помогнат нивните заедници да бидат благонаклонети кон лицата со деменеција
- Community Engagement Grants (Дотации за ангажирање на заедницата) за локални проекти кои го поттикнуваат вклучувањето и ангажирањето на луѓето со деменција во нивните заедници
- Поддршка заради помош на организации во заедницата и бизнисите да вклучуваат повеќе луѓе со деменција и да станат признати како благонаклонети во однос на деменцијата.

За повеќе информации посетете ја интернет страницата **health.gov.au/our-work/dementia-friendly-communities**

## Патишта за поддршка на луѓето со деменција преку Primary Health Networks

Primary Health Networks [Мрежи за примарно здравје] подготвија локални патишта за поддршка на луѓето со деменција, помагајќи им на семејните лекари

(GP) да ги поврзат луѓето со деменција со дополнителна потребна клиничка и локална поддршка.

Патиштата специфични за деменцијата им помагаат на здравствените работници да им дадат подобра поддршка на пациентите во сите фази на поставувањето на дијагноза и на негата за деменција.

Патиштата вклучуваат:

- упати до поспецијализирани процени и дијагностички услуги кога е тоа соодветно
- упати за услуги после поставувањето на дијагноза и поддршка на луѓето со деменција, на нивните негуватели и семејства.

Primary Health Networks и Dementia Australia подготвија ресурси за луѓето со деменција, нивните негуватели и мрежите за поддршка за да разберат каква помош и услуги се достапни во нивното локално подрачје.

## Следење на податоци за деменцијата

National Centre for Monitoring Dementia [Националниот центар за следење на деменција], лоциран во Australian Institute of Health and Welfare:

- редовно ја следи деменцијата во Австралија
- ги посочува постоечките празнини во податоците
- информира за специфични потреби од политика за Австралијани со деменција.

Нови податоци се сега достапни за:

- појавата на деменција кај помладите луѓе
- менталното здравје на луѓето со деменција
- поврзувањето на здравствената нега и негата на стари лица за луѓе со деменција.

## Dementia, Ageing and Aged Care Mission

Dementia, Ageing and Aged Care Mission [Мисија за деменција, стареење и нега на стари лица] е иницијатива на Medical Research Future Fund [Фонд за идни медицински истражувања]. Според десетгодишниот инвестициски план, 185 милиони долари ќе бидат инвестирани во истражување меѓу 2018-19 и 2028-29 година. Ова истражување ќе им помогне на постарите Австралијани да го одржуваат нивното здравје и квалитет на живот, да живеат самостојно подолго и да добиваат нега кога е потребно.

## National Dementia Action Plan

The National Dementia Action Plan 2024–2034 (Action Plan) [Национален акционен план 2024-2034] е заедничка десетгодишна иницијатива меѓу австралиската

влада и владите на државите и териториите. Планот вклучува осум акции на високо ниво, чија цел е зголемување на свеста за деменцијата, намалување на ризикот од деменција кај населението и водење подобро координирани услуги за луѓето со деменција и нивните семејства и негуватели ширум Австралија.

Напредокот во поглед на Action Plan ќе биде следен и објавуван еднаш годишно преку контролна табла на показатели подготвени од Australian Institute of Health and Welfare.

Action Plan нуди можност да се направат вистински и трајни позитивни промени заради подобрување на квалитетот на живот на луѓето со деменција во Австралија.

За да дознаете повеќе, посетете ја интернет страницата **health.gov.au/our-work/national-dementia-action-plan**

## Поддршка за однесување поради деменцијата

Стратегиите за поддршка на однесувањето насочени кон лицето може да водат кон подобри резултати за луѓето со деменција и за тие кои се грижат за нив. Бесплатните услуги за поддршка на однесувањето поради деменцијата, нудат дополнителна специјализирана и индивидуализирана помош на семејствата, негувателите и вработените во здравствената нега и негата на стари лица, кога психолошките симптоми и симптомите на однесување поради деменцијата влијаат врз негата на лицето со деменција.

Услуги на поддршка во врска со однесување поради деменција сега дава Dementia Support Australia и нивната телефонска линија за помош може да се контактира 24 часа дневно на **1800 699 799** или на веб-страницата **dementia.com.au**

### Dementia Behaviour Management Advisory Service

Dementia Behaviour Management Advisory Service [Советодавната служба за справување со однесување поради деменцијата] нуди поддршка и совети кога благи до умерени психолошки симптоми и симптоми на однесување поради деменцијата влијаат врз негата на лице со деменција. Обучени консултанти работат во сите средини (вклучително во заедницата, резиденцијалната нега на стари лица и здравствената нега), секаде во Австралија (вклучително во рурални и оддалечени локации) и без оглед на возраста на лицето со деменција. Нивната улога е:

- да ги поддржат давателите на услуги и поединците кои негуваат лица со деменција
- да им помогнат на давателите на услуги и на негувателите да ги разберат причините за однесувањата и/или што ги активира

- да им помогнат на давателите на услуги и негувателите да развијат стратегии кои го оптимизираат функционирањето, намалувањето на болките, поддршката на други незадоволени потреби и да го подобрат ангажирањето.

### Тимови за реакција на екстремно однесување

Одобрени даватели на резиденцијална нега на стари лица можат да побараат помош од Severe Behaviour Response Teams [тимовите за реакција на екстремно однесување] за да ги задоволат потребите на луѓето со деменција кои имаат екстремни симптоми на однесување поради деменцијата, како и симптоми од психолошка природа.

Тимовите за реакција на екстремно однесување ќе соработуваат со мрежата за нега:

- за да ги разберат причините кои довеле до промени на однесувањето и да направат приспособени планови на нега кои можат да дадат податоци за планови на поддршка на однесувањето
- да го зголемат знаењето на персоналот преку моделирани стратегии
- да дадат трајни упатства за примена на препораките.

## Специјалистичка нега за деменција

The Specialist Dementia Care Program [Програмата за специјалистичка нега за деменција] дава поддршка на луѓето со екстремни симптоми на однесување поради деменцијата во поглед на однесувањето и од психолошка природа, кога нивните потреби од поддршка не можат да бидат задоволени во институција за резиденцијална нега на стари лица. Програмата овозможува специјализирана нега на луѓето со деменција во околности кога:

- лицето има тешка деменција, искомпликувана со физичка агресивност или други видови на однесување
- установата за резиденцијална нега на лицето или негувателите не можат да се справат со однесувањето, дури и со помош од други служби.

Нега во мали групи се дава во наклонета кон луѓето со деменција средина на куќички во која тие добиваат:

- индивидуална нега, насочена кон цели, дадена од персонал обучен за деменција
- поддршка од специјалистички клинички служби.

Specialist Dementia Care Program е преодна програма чија цел е намалување или стабилизирање на симптомите на деменција во поглед на однесувањето, во рок од просечно 12 месеци.

Цел на програмата е да соработува со давателите на резиденцијална нега на стари лица:

- за да дадат поддршка на луѓето со деменција да преминуваат во и од резиденцијална нега по потреба
- да подготват најдобра нега, без ограничување на движењето, во средина наклонета кон луѓето со деменција
- да дадат поддршка на луѓето да преминат во средина на помалку интензивна нега кога повеќе не им е потребна нега преку програмата
- да соработуваат со службите на владите на државите и териториите и со службите за поддршка на однесувањето
- да го подобрат квалитетот на животот на луѓето со многу екстремни симптоми на однесување поради деменцијата како и симптоми и од психолошка природа.

За да дознаете повеќе, посетете ја интернет страницата **health.gov.au/our-work/specialist-dementia-care-program-sdcp**

## Hospital to Aged Care Dementia Support Program

Hospital to Aged Care Dementia Support Program [Програма за поддршка за премин од болница во установа за нега на стари лица со деменција] им помага на постарите луѓе со деменција да преминат од болница во резиденцијална нега на стари лица или дома со поддршка за нега на стари лица. Програмата му помага на болничкиот персонал и на персоналот за нега на стари луѓе, на постарото лице или на негувателите:

- за време на престојот на лицето во болница
- кога излегува од болница
- после излегувањето од болница и преминувањето во установа со поддржана нега на стари лица до 3 месеци.

Dementia Support Australia ја спроведува програмата во името на Владата на Австралија на 11 локации, со присуство во секоја држава и територија. Персоналот во болниците кои учествуваат може да им дадат упати на болничките пациенти кои ги исполнуваат условите за вклучување во програмата. За да дознаете повеќе, видете на **health.gov.au/our-work/hacdsp**

## Обука за деменција

Dementia Training Australia овозможува понатамошна обука на вработените во негата на стари лица и во здравството и нуди бесплатна обука и ресурси, вклучувајќи:

- акредитирани курсеви за обука за нега на лица со деменција на професионално ниво, бесплатни за работниците за нега кои ги исполнуваат условите

- продолжена обука за професионален развој во поглед на процена, дијагностицирање и справување со деменција за лекари од општа пракса (GP), медицински сестри, аптекари, психолози, специјалисти, вработени во здруженото здравство (allied health) и други релевантни професионални лица
- обука на лице место на даватели на нега на стари лица вклучително, ако е соодветно, знаење за деменцијата и процена на средината, и потоа приспсобен пакет на обука
- заедници на пракса и можности за напредна обука за да им се помогне на лидерите во негата за деменција да ја споделуваат и зацврстат најдобрата пракса и да градат локално лидерство во негата на деменција за работниците за лична нега
- онлајн портал за обука како дополнение на обуката лице во лице.

Новата National Dementia Training and Education Standards Framework [Национална рамка за обука за деменција и образовни стандарди] нуди јасно упатство за разбирање на клучните области на учење и пожелните резултати од образованието за деменција преку низа образовни облици.

Рамката поддржува достапни и доследни патишта за образование и обука за да им помогне на корисниците да се снаоѓаат во обуката за деменција и да најдат висококвалитетна обука насочена кон нивните конкретни учебни потреби.

Исто така, достапна е дополнителна обука за справување со променето однесување. Тоа го вклучува Changed Behaviour Toolkit [Комплетот за променето однесување] што е фокусиран на најдобри пристапи со акцент на лицето зад однесувањето, како и на конкретното променето однесување и психолошките симптоми.

За повеќе информации за обуката, образованието и ресурсите јавете се на **1300 229 092** или посетете ја интернет страницата на **dta.com.au**

## Подобрување на негата низ одмор за луѓето со деменција и за нивните негуватели

Цел на оваа програма е да им даде поддршка на негувателите и семејствата кои негуваат лице со деменција преку услуги за поддршка низ одмор специфични за деменција, кои го подобруваат:

- квалитетот и искуството на нега низ одмор за лицето со деменција и за неговите негуватели
- благосостојбата на старателот
- планирањето на нега на луѓето со деменција и на нивните негуватели, и подобрување на преминувањето меѓу нивните домови и местата за одмор.

Програмата се спроведува во сите држави и територии, и овозможува:

- образование и благосостојба на негувателите
- иновативни приоди на подобрувањето на квалитетот и искуствата со нега низ одмор за луѓето со деменција
- подобрено планирање на негата низ одмор за луѓето со деменција
- зголемена способност на давателите на нега на стари лица за да укажат квалитетна нега низ одмор специфична за деменција.

Со оваа програма, Универзитетот на Тасманија, со поддршка од Dementia Support Australia, исто така нуди обука на работници за нега на стари лица, за зголемување на нивното разбирање на потребите од одмор на луѓето со деменција и на нивните негуватели.

Dementia Respite Education and Mentoring (DREAM) [Проектот Образование и менторство за одмор во врска со деменција] усвојува нов, иновативен и флексибилен приод кон обуката за одмор, нудејќи пракса и подучување на давателите на нега на стари лица.

За да дознаете повеќе, посетете ја веб-страницата **health.gov.au/our-work/improving-respite-care-for-people-living-with-dementia-and-their-carers**

## National Aged Care Design Principles and Guidelines

На 1-ви јули 2024 година, австралиската влада воведе National Aged Care Design Principles and Guidelines [Национални принципи и упатства за подготвување на нега] за да го подобри квалитетот на живот на постарите луѓе кои живеат во установи за резиденцијална нега на стари лица.

Принципите и упатствата ќе им помогнат на постарите луѓе кои живеат во старски домови, поттикнувајќи ги давателите на нега на стари лица и стручњаците за проектирање да создаваат повеќе средини што личат на домови. На постарите луѓе, особено на тие со деменција, ќе им користи добро дизајнирано сместување што создава чувство на дом, овозможува пристап надвор и врска со заедницата.

Принципите и упатствата ќе помогнат да се создадат средини кои:

- ги одржуваат здравјето и благосостојбата на лицето
- го поддржуваат чувството на идентитет, достоинство и припаѓање
- им помагаат на луѓето да останат самостојни во текот на стареењето.

За да дознаете повеќе, посетете ја веб-страницата **health.gov.au/our-work/improving-accommodation-in-residential-aged-care**

### Повеќе информации

Дознајте повеќе за тоа што правиме за да ги поддржиме луѓето со деменција, нивните негуватели и семејства преку посета на страницата **health.gov.au/dementia**

## Ајде заедно да ја измениме негата на стари лица

Ние работиме со постари луѓе, нивните семејства и негуватели, и со секторот на нега на стари лица за да создадеме подобри услуги на нега на стари лица и подобар стандард на нега за стари луѓе во Австралија.

Илјадници луѓе беа досега вклучени во оформувањето на реформите преку анкети, вебинари, онлајн работилници, консултативни документи и настани лице во лице.

Има многу можности за давателите на нега на стари лица и за работниците за нега на стари лица да ги кажат нивните мислења за измените во негата на стари луѓе:

- Вклучете се во нашата поштенска листа и бидете информирани за прашања што влијаат врз секторот за нега на стари лица на **health.gov.au/aged-care-newsletter-subscribe**